# VI тема:
# Античко наследство во Македонија

## VI 1.2. Археолошко наоѓалиште Скупи (Scupi)

Изготвил: Ненад Начковски

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски

# 1. Местоположба и историски развој на Скупи



- Археолошкото наоѓалиште Скупи се наоѓа во подножјето на Зајчев Рид, неколку километри од денешно Скопје, на левиот брег на реката Вардар.
- Во II век пр. н.е. Скупи првично бил римски воен логор (лат. castrum) подигнат со цел освојувањето на северните области на Дарданија.
- Еден век подоцна прераснал во градска населба.
- Во III век н.е. станал епископско седиште.

**ЗНАЕШ ЛИ ДЕКА...?**

**Римската војска градела логори за утврдување на освоените територии. По напуштањето на логорите, луѓето се населувале во нив и ги преиначувале во функционални градски населби.**



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# 2. Причини за напуштање на градот

- Често го напаѓале Готите и Хуните кои биле освојувачки племиња.
- Она што навистина го уништило градот тоа бил силен земјотрес во 518 година н.е.
- Се претпоставува дека тогаш населението се преселило на подрачјето на денешно Скопје.



**ЗНАЕШ ЛИ ДЕКА...?**

**Градот Скопје го добил името од овој антички римски град. Вистинското античко име му било Colonia Flavia Scupinorum. Секој град кој настанал од воен логор го носел статусот на *колонија*.**



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND



# 3. Археолошки остатоци





- Римскиот тип на **театар**, подигнат во II век н.е. по посета на римскиот цар Хадријан. Можел да прими до 9000 посетители. Се одржувале драмски претстави, трагедии и комедии.
- Откриени се две **базилики**: цивилна и христијанска. Цивилната имала богато украсен мозаичен под. Таму се вршеле судски процеси, трговски зделки и друго. Била подигната околу IV век н.е. Христијанската базилика, односно црквата, веројатно почнала да се гради кога била урната од земјотресот во 518 година н.е.
- Други откриени градби се градскиот бедем, градската бања, кардо – главната улица, источната и западната некропола.

**ЗНАЕШ ЛИ ДЕКА...?**

**Базиликите биле градби во кои се вршеле разни административно-стопански дејности и судски постапки.**

**Во ранохристијанскиот период некои цивилни базилики се преиначени во првите христијански цркви.**



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# Училишна задача: Истражувај за Скупи!



1. Во Мајкрософт Пауерпоинт направи кратко истражување за Скупи.
2. Вметни фотографии во слајдовите.
3. Презентирај го за време на час и прикачи го во твојата папка на Мајкрософт Тимс.



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND